


Меѓународен симпозиум

*За почетоците на фреско-сликарството (јадранско-балкански корени на модерното сликарство)*

Падова, Италија, 18-20 април 2008 год.

Во организација на Асоцијацијата за култура *Di Segno* од Падова, а под патронат на регионот Венето, провинцијата и општината Падова, диоцезата Падова и со поддршка од Универзитетот од Падова и Европскиот универзитет од Рим, од 18 до 20 април 2008 год., во Диоцезанскиот музеј во Падова се одржа Меѓународниот симпозиум - *За почетоците на фреско-сликарството (јадранско-балкански корени на модерното сликарство).*

На отворањето на Симпозиумот со поздравен говор се обрати г-ѓа Елизабета Канчевска-Милевска, државен секретар во Министерството за култура на Република Македонија, бискупот на католичката црква во Република Македонија, Киро Стојанов, а присутните ги поздрави и г. Паско Кузман, директор на Управата за заштита на културното наследство. Во работниот дел на Симпозиумот директорот Кузман одржа и своја презентација за возобновувањето на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник во Охрид насловена како „Првиот европски универзитет на Св. Климент - неговото значење и возобновување", а свои презентации имаа и проф. д-р Елизабета Димитрова - „Јадранско-балкански корени: византиското фреско-сликарство и македонскиот пример", проф.д-р Сашо Коруновски - „Стратешкиот развој на културата и културното наследство во Македонија и улогата на Охрид во јадранско-балканскиот комонвелт", а беше презентиран и текстот на професорот Коста Балабанов - „Нови сознанија за теракотните икони од Македонија".

Овој Симпозиум ја потврди улогата на Охрид, „лулката на македонската цивилизација", во новата визија на сликарството на предвесниците на италијанската ренесанса, големите Џото и Чимабуе, потврдувајќи дека бројни генијални решенија применети од овие сликари имаат длабоки корени во охридската уметност, а Македонија беше наречена „земјата која испратила светлина врз новата западна уметност од XIII век".